# Сина крв

александар д. балаловски

## Авторски права

Делото е лиценцирано според **Creative Commons – Attribution-Share Alike License 2.5** односно (**mk**) **Наведи извор-Сподели под исти услови, верзија 2.5**. Имате право:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото

Преработка – да го адаптирате делото

**Под следните услови:**

Наведи извор. Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Сподели под исти услови. Ако го промените, трансформирате или адаптирате ова дело, можете да го дистрибуирате добиеното дело само под иста или слична лиценца на оваа.

- Во случај на понатамошно користење или дистрибуција морате на другите јасно да им ги дадете до знаење условите под кои е лиценцирана ова дело. Најдобар начин за да го направите тоа е да поставите врска до оваа веб-страница.
- Секој од горенаведените услови може да биде поништен ако добиете дозвола од носителот на авторските права.
- Ништо во оваа лиценца не ги нарушува или ограничува моралните права на авторот.

---

Користен www.a1.com.mk како извор за медиумска информација.

Голема благодарност до Јован Наумовски за помошта при оформувањето на идејата.

*Ќе дојде крајот на светот. Никој нема да знае за него. Ќе пробаат да бегаат и да се сокријат. Ама тоа ќе е крајот. Никој повеќе нема да постои. Ќе бијат камбаните и ечат минарињата, скептиците ќе се чудат и плашат. Крвавиот крај на светот, во кој нема да остане ниту една капка крв што би се шетала низ космосот.*

*Тие ќе голтнат сѐ. Нема да остане знак дека некој за тоа предупредил и зборувал. Луѓето почнуваат да плачат. Се плашат од себеси и продолжуваат да плачат од уплав.*

## Понеделник, 08 септември

- „Сакаш да ме уништиш?“ -праша Мез несвесно.

Потоа седна покрај трупот. Две солзи силно избија низ неговите очи. Крвта на неговото лице се испомеша со солзавата вода и се истркала до работ на неговата брада, од таму капна. Беше разочаран, збунет, уплашен и згрозен. Никогаш пред тоа немаше видено мртов човек. Немаше видено мртов распарчен човек. Глава растурена наоколу, мозок и локва крв на местото каде што падна. Од време на време трупот правеше ненадејни мрдања со екстремитетите, неговите мускули се уште имаа електрицитет кој ги контрахираше. Мез не знаеше што да прави. Да повика полиција? Можеби ќе го обвинат дека тој пукал. Го погледна пиштолот кој падна веднаш до него. Не знаеше да ракува. Посака да го искористи уште еднаш. Тогаш почуствува страв кој го предомисли. Поминаа неколку минути откако подземјето одекна. Него му се чинеа часови на екот од пиштол низ празните ходници и гаражи. Се присети на разговорот што го имаше со Вен неколку дена претходно. Тоа дополнително го депримира. Се запраша што прави во таа хаотична просторија? Не сите 14-годишни деца ја гледаат смрта и отворени черепи на трупови кој лежат веднаш до нив. Го погледна знакот кој го носеше на својата јакна. Посака да плукне врз него.

- „Сè било лага..човеков бил луд!“, разочарано помисли.

Седеше така уште некое време. Моменти потоа го „разбуди“ нагонот за повраќање од смрдеата што се ширеше. Масивно поврати врз подот на кој веќе почнаа да надоаѓаат лебарки. Вен лежеше мртов. Малиот разум на Мез не можеше да сфати како може човекот да е толку ранлив. Се прашуваше зошто Вен го лажеше цело време. Се сети на нивната прва средба.

* * *

Мез си замина од училиште. Беше последниот ден од учебната година. Чекорејќи накај плоштадот врз кој постојано సереа јата гулаби виде мала група луѓе кои очигледно беа заинтересирани за нешто што некој го правеше на средината. Се доближа и виде човек кој и покрај ненормалната жештина облекол црн мантил на кој имаше сино-црвен амблем со крст кој

на средината имаше некаков симбол налик на капка. Мез се заинтересира што значи тоа. Беше амбициозно дете кое ретко зборуваше со другарите. Другари впрочем и немаше. Ако се земе во предвид дека најголем дел од времето го врвеше читајќи, а остатокот пишувајќи без воопшто да излезе и да се дружи со останатиот свет, беше јасно зошто Мез уште на 14г. беше неоткриен социопат. Парот кој стоеше пред Мез си замина, типот со црниот мантил не им остави впечаток. Мез го заседе нивното место и доби широк поглед врз човекот кој викаше, дури се дереше. Беше полн со страст и желба да го каже тоа што го чувствува.

- *„...доаѓаат од лево, од десно, ние сите ги примаме, им нудиме помош, им даваме камен за да седнат, а тие потоа го креваат и фрлаат врз нас. Самите си го купуваме гробот. Си го купуваме куршумот. Си ја валкаме расата, нацијата и крвта. Нашата крв не е црвена како што не лажат од мали. Нашата крв е сина, како бојата на чистата бела раса и светата нација благословена од Бога, испратена на земјата да му служи нему...*“

Мез забележа дека малата толпа луѓе се разотишла. Останал сам. Човекот кој проповедаше го гледаше директно во очи, му зборуваше само нему. Мез не забележа дека сето тоа го заинтересира. „За каква сина крв зборува“ си мислеше. За момент осети надоаѓање на млаз циркулација во неговата глава. Во очите на непознатиот имаше сјај. Кога зборуваше во неговиот глас се отсликуваше сè она што сакаше да го каже. Луѓето кои знаеја за што се работи не ни застануваа. Многумина го знаеја како „лудиот фашист“. За Мез тоа сепак, беше сосема поинакво искуство.

- „Секој ден доаѓаат и бегаат пред да завршам. Веќе ги научив и не им се лутам“ -симпатично се насмевна, „јас сум Вен“ -рече подавајќи му рака.
- „Да? Мез...“ -доби тивок одговор, „јас првпат доаѓам. Не разбрав ништо што зборувавте, успеав да го слушнам само тоа последното за белата раса“.
- „Имаш ли време?“ -го избегна прашањето Вен.
- „Да..веројатно“ -ескивираше Мез. Требаше да си оди дома.

Заминаа по широката улица на која имаше едвај по некој. Ручек време. Му велеа да не застанува со непознати, да не им зборува и одговара. Мез никој не послуша, за првпат. Чекореше како да се знаат одамна.

- „Што би правел кога би можел да патуваш во иднината?“ -праша Вен.

Какво прашање. Мез малку се збуна. Имаше мислено на тоа дека ќе земи лек за некоја тешка болест и ќе го врати во минатото, т.е. сегашноста. Или пак дека ќе украде автомобил што лета, па ќе се вози ваму-таму.

- „Откај да знам?“ -одговори тој.
- „Ја имаш сегашноста. Сакаш да патуваш низ простор времето. Наеднаш пред тебе се отвора вортекс. Влегуваш во него и бираш каде ќе одиш низ времето. Каде ќе одиш?“
- „И тоа не знам...“
- „Но тоа е супер шанса, не смееш да ја пропуштиш само заради тоа што не знаеш каде би одел. Замисли во овој момент тоа да се случи“ -се пошегува Вен.
- „Го видов беџот со крстот“, рече Мез покажувајќи на левото рамо на Вен.
- „И капка“ -одговори Вен.
- „Личи на капка крв. Само што не е црвена.“
- „Паметно момче. Имав проблеми додека им објаснам на сите дека се работи за капка крв. Сите мислеа дека е солза. Па и откако ќе им објаснев бегаа од мене“ -повторно се окези Вен.
- „А што значи?“
- „Нема да избегаш ако ти кажам?“

Мез за момент гледо го загледа длабоко во неговите очи. Не криеја ништо. Дури и му ветуваа многу. За момент се праша што прави, дали тоа е во ред?

- „Нема да избегам“ -одговори одлучно.

* * *

Мез го касна последниот залак. Го ислуша целиот разговор.

- „Сите луѓе имаат иста крв“ -се обиде да го разубеди Вен.
- „Да. Сите имаат иста крв. Само белата крв е кралска. Сина крв“.
- „Оттаму и сината боја на капката крв на беџот, нели?“
- „Да, сината капка го симболизира тоа. Кралска крв.“

- „Колку души сте во ... тоа .. што и да е?“ -праша Мез
- „Во нашиов град над 40. Не си забележал како носат беџеви затоа што другите се тивки. Изгледа јас сум најгласен од сите.“
- „Што ќе добијам ако ви се приклучам? Кон што целите?“
- „Целиме кон чиста раса. Не само нација. Сѐ. Чиста крв“.
- „Тоа значи војна“ -праша Мез вознемирено.
- „Па ако значи тогаш нека биде“.
- „Но зошто војна? Што ако сите се истребиме меѓусебно и светот остане пуст, без луѓе? Кому ќе припаѓа светот тогаш? На кој ќе му го оставиме? Што ќе оставиме да нѐ наследи?“
- „Ако нема доследен човек во очите на Бога, кој може да ја наследи светата земја, тогаш нема да живее ниту еден“. -одговори заканувачки Вен.
- „Нели ви е доста од војни? Од освојување територии, нови знамиња, имиња, убивање, рушење, повторно градење и сѐ од почеток...?“
- „Ниту една војна досега не го оправда своето постоење. Ние го имаме концептот за совршена војна“.
- „Совршена војна? Што е тоа по ѓаволите?“ -почна да се вознемирува Мез.
- „Мез. Јас оставив цела фамилија зад себе. Им реков одам во името на каузата. Деца, жена. Имам цел, да им овозможам подобро утре на сите кои сакаат да живеат подобар живот. Колку би бил помирен светот кога би владеела една раса. Така функционира сѐ во природата. Послабиот умира, појакиот секогаш победува. Синџир на развојот, сѐ додека не се достигне врвот на еволуцијата и совршената раса не завладее со светот. Тогаш ќе биде апсолутен мир. Тогаш ни дрвјата ќе дишат, ниту луѓето ќе плачат. Сите ќе се отпоздравуваат среќно. Денес луѓето од дома излегуваат за да ја продолжат својата агонија. Бараат храна, вода, лекови, начини да преживеат и повторно кога те поздравуваат ја немаат нивната најголемата дарба, насмевката. Во новата ера луѓето нема да треба да се смејат. Тоа ќе е нивната природна состојба. Сите ќе бидат среќни. Ќе живеат во нирваната на меѓусебното разбирање и комуницирање. Нема да има зборување. Луѓето ќе се разбираат со јазикот на погледот. Ќе има луѓе кои ќе водат љубов само со нивните погледи, деца кои ќе бараат млеко само со нивните очиња, дури и животинки кои повеќе нема да има потреба да ги лижат газдите.“ -дискусијата завзеде друг тек.
- „Аха, во ред, мора да си одам“ -речиси уплашено одговори Мез на целото тоа лудило.
- „Еве ти картичка...“

Вен извади картичка од неговиот мантил. Вадејќи ја раката од неговиот џеб, тивко падна хартиен плик стуткан на две. Вен не забележа. Нагло стана од масата и речиси излета од просторијата каде имаа разговор веќе неколку часа. Мез додека го зеде пликото овој веќе си замина. Размислуваше што да направи. Го стави во својот ранец и ја кидна кон дома.

*Сите сакаат да отпатуваат. Некои сакаат да одат во минатото да го видат Александар или Хитлер, други сакаат да одат во минатото да го  видат градењето на пирамидите или првото лансирање на сателит во вселената. Тажните сакаат да одат во минатото и да го спречат спојот на нивните родители. Среќните сакаат да одат во иднината на нивната свадба или свадбата на нивните деца. Луѓето сакаат да патуваат и да сонуваат. Да ја градат иднината и да ја заслужат во нејзиното постоење, кога таа ќе е сегашност. Забораваат дека не патуваат во иднината, дека само ја живеат сега, и дека и сега не придонесуваат за нејзино подобрување. Ја уништуваат и сегашноста. Плукаат врз минатото. Велат дека биле добри луѓе или дека ќе се уште подобри луѓе од утре. Не кажуваат какви се сега. Сакаат да патуваат во иднината, а воопшто не ја заслужиле. И тогаш кога не би патувале, луѓето не прават ништо, за да заслужат подобра иднина.*

## Вторник, 09 септември

Мез сонуваше страшно. Сонуваше како го гонат гуштери. Во еден момент се појави убиец со моторна пила. Му рече да не бега залудно. Дека може да ја фрли пилата кон него и да го убие. Потоа од телото на гуштерите паѓаа мали топчиња, налик на грозни бисери, Мез ги земаше и ги враќаше на рапавата кожа на влекачите. Тогаш кога некој од нив ќе го нападнеше, овој со моторната пила го пресекуваше на две, па од гуштерот остануваше само опашка што мрда и другата половина која ја снемуваше во темнината. Потоа сонуваше за астероид кој врвеше високо над небото, согорувајќи во атмосферата. Кога тој падна на површината се случи голема експлозија. Наместо светлина, светот го обзеде мрак. Тогаш Мез се разбуди потен. Се сети на Вен. Вечерта пред да си легни долго размислуваше за разговорот со него. Не можеше да сфати како сѐ уште постојат такви луѓе, виновни за војни и ширење на омраза. Ја виде картичката на неговата наткасна и со гадење реши да му се јави. Сакаше да му се извини што го вознемири, сакаше да ја исклучи било која поврзаност со неговиот начин на размислување и да оконча било каква следна средба. Се познаваа 2 часа. Мислеше дека ќе го сфати. Го дигна телефонот и ѕвона на неговиот број.

- „Мез, дојди во магацинот што е во визбата зад кафетеријата каде вчера седевме.12.30 точно“.
- „Не можам...може ли...“ -тогаш Мез слушна прекинување на врската.

Проба да бира повторно. Не доби. И повторно...
Размислуваше некое време дали да оди каде што го повика. Не се грижеше многу за
тоа што ќе се случи. Гласот на Вен делуваше доволно вознемирено за да го одбие.
Тргна накај „магацинот во визбата“.

* * *

Кога стигна таму виде силуета на човек во долг црн кожен мантил.

- „Не сакав да дојдам тука...само .. “
- „Пшштт...“ -го прекина Вен ставајќи го прстот на неговиот нос, „слушај“.

Беше пуштено радиото. Се слушаше длабок глас на повозрасна жена:

> *„...Иако веќе доцна, дел од научниците сè уште се обидуваат да запрат нешто што ќе биде најмоќен, најголем, а можеби и најважен и најопасен експеримент до сега за кој последиците речиси се целосно познати. Свесни за создавањето на црните дупки, научниците продолжуваат со експериментот. Во светот речиси во секој град владее паника. Редица луѓе собрани пред канцелариите на CERN во Щвајцарија протестираат за прекин на експериментот и запирање на можноста за создавање на гладните црни дупки. Имено црните дупки кои вештачки ќе се создаваат би можеле да ја проголтаат Земјата во нецела секунда, ги пренесува светските агенции пишувањата на најтиражните весници. Во моментот кога ќе биде пуштена, а тоа би требало да се случи на 10 септември, апокалиптичната машина за разбивање на атомите буквално ќе стане временска машина која на научниците треба да им открие како се создала вселената и што се случувало веднаш по Големата експлозија, пред отприлика 14 милијарди години...“.*

Мез забележа како Вен тивко плаче. Се повлече неколку чекори од радиото и прозорецот.

- „Ова е крај на мојата борба. Никогаш нема да го видиме денот на слободата...“ -горко заплака Вен
- „Во ред...смири се..“ -Мез проба да ја скрие сопствената вознемиреност тешејќи го Вен.
- „Нема потреба повеќе. Зошто ми го велиш тоа како да утре ќе постоиме..? Ова е крај на светот Мез...некои дебили одлучиле така, да преземат ризик во името на науката, да ја оконча мојата борба за подобро утре“.

Вен постојано ја бришеше потта од своето чело додека Мез немо гледаше што се случува.

- „Две деца. Прекрасна сопруга. Можев барем да умрам покрај нив“. -огорчено рече Вен.
- „Сега ќе мора да умрам овде. Пред непознато 14 годишно момче“ -тогаш Вен од левиот внатрешен џеб извади сјајно црн пиштол.
- „Те молам немој...не пиштоли..“ -почна да паничи Мез и посака да се најде надвор од таа темна просторија.
- „Да не загубив нешто вчера?“ -праша Вен.

- „Да. Да“, среќно викна Мез, „ти падна плик кој јас го ставив во мојот ранец, еве ќе ти го дадам.“
- „Отвори го и прочитај го...“ -заповеда Вен.

Требаше малку време додека Мез се снајде и отвори пликот. Извади писмо, испишано со нежен ракопис. Почна да го чита.

- „На глас“ -рече Вен.

Мез се искашла и почна да чита на глас:

> *Навечер се плашам. На вести кажаа дека утре повеќе ќе не нема. Дека светот ќе го голтнат мали црни дупки. Речиси секогаш одам да спијам тажна. Ако не беше тоа што јас и ти го создадовме, досега ќе бев мртва. Некогаш мислев дека на човекот не му треба прегратка ако тој верува во својот идеал, религиозен лидер или јогин. Сега сфатив дека тоа е лага. Човекот е месо и крв кој сака контакт и размена на енергија со други луѓе. Не знам дали утре светот ќе постои или не. Рекоа дека повеќе нема. Можеби повеќе нема никогаш да те видам. Понекогаш горев од желба да те прегрнам и да ти кажам дека те сакам. Но не можев да те најдам. Утре можеби нема повеќе да постоиме. Затоа излези надвор, кога сонцето ќе заоѓа. Ќе ги видиш двете прекрасни нешта поради кои вреди да се живее. Денот и ноќта. Кога сонцето ќе заоѓа ќе ја видиш портокаловата боја на животот, пред тоа сѐ нека ти биде бело, отпосле и во темнината гледај светлина. Гледај ги месечината и ѕвездите и посакај светот да постои и кога ќе се разбудиш следното утро. Затоа што вреди да постои. Не вреди луѓето да се караат, мачат, убиваат и плачат. Животот вреди ако се живее. Ако утре светот повеќе не постои, тогаш знај дека те сакам. Не престанав да те сакам. Ако утре светот повеќе го нема знај дека ние ја изградивме иднината која ја изживеавме и ја заслуживме. Кога ја потрошивме, престана да биде „ние“. Затоа сега сме јас и ти. Две единки кои не дишат заедно. Но и тогаш кога си подалеку од мене. И тогаш кога не си јас, знај дека кога утре е крај на светот, јас пак би се надевала дека ќе те сретнам некаде. Друго време, простор, димензија. Можеби во рајот или пеколот. Таму каде што ќе можам да гледам низ твоите*

*зелени очи и таму каде што ќе можам мирно да плачам за светот кој тогаш повеќе нема да постои.*

Кога дочита, Мез речиси го исфрли наназад силен одек на пукотница од пиштолот што предмалку Вен го држеше во неговата рака. Врз него и врз ѕидовите наоколу се разлеа црвената крв на Вен. Не беше сина, не беше лилава. Беше црвена, како и на останатите 6 и пол милијарди жители во светот.

- „Сакаш да ме уништиш?“ -праша Мез несвесно, мислејќи дека Вен сѐ уште го слуша.

Потоа седна покрај трупот. Две солзи силно избија низ неговите очи. Крвта на неговото лице се испомеша со солзавата вода и се истркала до работ на неговата брада, од таму капна.

## Среда, 10 септември, страшниот ден

Мез се разбуди пополека. Прво прошара со очите низ неговата соба. Го виде календарот, „10 септември“ Почна да се смее среќно и на глас. „Добро е. Сè е на место“ си помисли.

Во тој момент нешто длабоко во него му кажа дека го заслужи новиот ден. Се сети на разговорот што пред 2 дена го правеше со Вен и си помисли дека можеби тој е еден од ретките луѓе кои ја заслужиле иднината, затоа што работеле врз нејзиното добро. Беше млад но знаеше дека ако не му се допаѓа неговиот изглед, не може да му помогне никој освен самиот себе. Сепак покрај прекрасното чувство што знаеше дека земјата е на старото место, дека луѓето што ги виде вчера ќе ги најде и денес, го обземаше блага амнезија за настаните што се случиле. Не можеше да ги доживее. Знаеше за самоубиството на Вен. Но му се чинеше многу далеку.

Стана и отиде накај дневната соба. На негово изненадување, речиси непријатно, таму седеше стара госпоѓа која благо му се насмевна и му посака добро утро.

- „Добар си? Нешто повеќе спиеше денес.“ -рече таа

Мез забележа дека телевизорот е пуштен и госпоѓата чека вести. Од него доаѓаше само звук на тивка најавна музика.

- „Се извинувам...се знаеме?“ -праша збунето Мез.

Госпоѓата се заврти и остро го погледна. Низ нејзините очи блеснаа цртите на  нејзиното лице.

- „Позната ми сте.. која сте?“ -праша повторно Мез.
- „Смири се миличок, уште не си расонет“ -рече таа.
- „Миличок? Која сте Вие?“ -Мез се обиде да ја преземе ситуацијата во свои раце.
- „Сите го поминавме истото. Знам дека се ти е мистично. Почекај кога ти велам. Ќе сфатиш сè.“ -рече бабичката.

Тогаш од телевизорот, Мез слушна најава на најновите вести.

- *„Почитувани гледачи добар ден. Денеска е 10ти септември, 2143 година.Проследете ги новитетите од последниве 4 часа!* “ -рече водителот на визорот.

Мез почна брзо да диши. Се бапна во вратата. Просторијата го смена обликот. Во главата од длабината на неговата меморија дојдоа зборови кои едвај ги поврзуваше. Црни дупки, крај на светот, зборовите за крајот на борбата на Вен. Се турна во белиот ѕид врз кој се потпираше сјајно огледало. Кога се погледна во него, наместо Мез, таму стоеше речиси 140 години постар човек. Ќе повратеше врз подот кога осети катарзично чувство на победа. Неколку зборови му провеаја низ потсвеста:

*„Јас сум Мез. Го живеам новиот ден во иднината. Затоа што ја заслужив!*“
Потоа се онесвести.

КРАЈ